Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година, донесе

# УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

## Член 1

Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За роковите за преземање на предметите по започнатите постапки со непосредна спогодба и со јавно наддавање на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, за преземање на следењето, вршењето и сите активности кои произлегуваат од работите за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, за преземање на надлежностите за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, за донесување на Годишната програма, како и за формирање на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање и за воспоставување на Електронскиот систем за јавно наддавање на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, ќе се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

## Член 2

Роковите за преземање на предметите по започнатите постапки со непосредна спогодба и со јавно наддавање на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, за преземање на следењето, вршењето и сите активности кои произлегуваат од работите за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, за преземање на надлежностите за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, за донесување на Годишната програма, како и за формирање на

Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање и за воспоставување на Електронскиот систем за јавно наддавање на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, се продолжуваат за 60 дена од денот на престанок на вонредната состојба.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 44-2813/1**
**3 април 2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски